REGIONAL ENVIRONMENTAL CENTER
*for Central and Eastern Europe*

# Локални Акциони Планови за Животна Средина (ЛЕАПи) за подобрување на одржливоста во Југоисточна Европа

# ПОВИК ЗА ДОСТАВУВАЊЕ ПРИЈАВИ ВО КОМПОНЕНТА 1

Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа (РЕЦ) - Канцеларија во Македонија објавува повик за доставување пријави заради доделување поддршка за развој на Локални акциони планови за животна средина (ЛЕАПи) во општините во Република Македонија. Оваа програма за доделување неповратни средства (грантови) е финансиски поддржана од Шведската агенција за меѓународен развој и соработка (Sida).

Општините од Република Македонија кои планираат да работат на развивање на прв или втор ЛЕАП се поканети да аплицираат.

Максималниот износ на неповратни средства по проект изнесува 7,000 евра (за поголемите општини) и 5,000 евра (за помалите општини). **Крајниот рок за доставување на пријавите е 29 февруари, 2008 година.**

**Скопје, јануари 2008**

## ВОВЕД

Во периодот од 2004 до 2007 година, Канцеларијата на РЕЦ во Македонија го спроведуваше проектот "Развивање на локални акциони планови за животна средина (ЛЕАП) во Република Македонија". Општините Ѓорче Петров, Илинден, Виница, Дојран, Теарце и Дебарца добија финансиска помош за изработка на стратешкиот ЛЕАП документ, директна инвестиција за решавање на еден еколошки приоритет, како и обемни технички курсеви за зајакнување на локалните капацитети за управување со животната средина.

Како резултат од успешното спроведување на проектните активности, Шведската агенција за меѓународен развој и соработка (Sida) и Регионалниот центар за заштита на животната средина потпишаа втор договор за поддршка и развивање на локални акциони планови за животна средина (ЛЕАП) во Босна и Херцеговина, Македонија, Србија и Косово (како што е дефинирано од УНСЦР 1244). Целта на проектот е пружање на финансиска поддршка на 19 општини од наведените земји, при развивањето на нивните ЛЕАПи, што понатаму ќе придонесе кон подобрување на начинот при планирање и управување со животната средина. По завршувањето на ЛЕАП документот, Sida и РЕЦ заедно со општините, ќе обезбедат финансиска поддршка во висина од 1.43 милиони евра наменети за спроведување на еден од приоритетите во општините.

### ***Цели на проектот***

Главната цел на овој проект е намалување на сиромаштијата во Југоисточна Европа преку интервенции во циклусот: осиромашување на природните ресурси/ деградација на животната средина - ослабена економија - зголемена сиромаштија. Следните цели предвидуваат специфични активности за постигнување на главната цел:

- Подобруавње на планирањето на животната средина;
- Поттикнување и овозможување на инвестиции во животната средина;
- Подобрување на управувањето со животната средина.

### ***Активности***

Активностите во проектот се групирани во 3 компоненти:

- **Компонента 1**: Финансиска поддршка за развивање на ЛЕАПи;
- **Компонента 2**: Финансиска поддршка за спроведување на ЛЕАПи;
- **Компонента 3**: Регионална размена за развивање и спроведување на ЛЕАПи во Федерацијата Босна и Херцеговина, Македонија, Србија и Косово (како што е дефинирано според УНСЦР 1244).

## ***Проектен период***

Проектот ќе биде спроведуван во период од 3 години и тоа од ноември 2007 год. до октомври 2010 год.

## ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА КОМПОНЕНТА 1: ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА РАЗВИВАЊЕ НА ЛЕАП

### ***Цели на Компонента 1***

- Дефинирање, проценка и поставување на проблемите од областа на животната средина, базирани на ризикот за човековото здравје, еко-системите и генерално квалитетот на живот во секоја од 6-те општини;
- Развивање на ЛЕАПи за секоја од 6- те општини, преку планирање на стратегија и активности за намалување на ризиците по животната средина во овие општини;
- Зголемување на јавната свест и одговорност за заштита на животната средина и зголемување на поддршката од јавноста за инвестициите од областа на животната средина во 6 општини во Македонија;
- Развивање на план за спроведување на активностите предвидени со ЛЕАП документот; и
- Спроведување на дел од планираните активности преку директни инвестиции.

### ***Очекувани резултати***

Се очекува дека проектот ќе ги донесе следниве резултати како долгорочни придобивки:

- Воспоставена структура за соработка помеѓу општествените чинители на локално ниво во општините (корисници на финансиската помош);
- Информирана јавност за постоечките проблеми од областа на животната средина во секоја општина-корисник;
- Зголемена јавна свест за прашањата поврзани со животната средина во секоја општина-корисик;
- Успешно развиени стратегии за решавање на проблемите од областа на животната средина во секоја општина-корисник;
- Создадени услови и локални капацитети за идни инвестиции за решавање на проблемите од областа на животната средина во секоја општина-корисник;

Во рамките на компонента 1 ќе бидат реализирани следните ***активности***:

- Селекција на 6 општини од Република Македонија кои ќе бидат поддржани да развијат ЛЕАПи;
- Организирање на промотивни состаноци со локалните власти и други општествени чинители во општините;
- Формирање на организациска структура во општините за развој на ЛЕАПи;

- Почеток и реализирање на јавна кампања за целите и задачите на ЛЕАПи-те;
- Дефинирање на листа на проблеми од областа на животната средина во општините;
- Спроведување на јавни анкети за проценка на јавното мислење во врска со проблемите од областа на животната средина во општината;
- Рангирање на проблемите од областа на животната средина;
- Подготовка на листа на приоритети од областа на животната средина за општината;
- Развој на стратегии за решавање на приоритетите поврзани со животната средина;
- Изготвување на предлог документи за ЛЕАП во општините;
- Усвојување на ЛЕАП документите во општините.

## ПРОЦЕС НА ИЗРАБОТКА НА ЛЕАП

Локалниот акционен план за животната средина во корисничките општини ќе се одвива согласно постапките опишани во националната методологија за изработка на ЛЕАПи која е пропишана од страна на МЖСПП согласно новата законска регулатива (Закон за животна средина, Сл.Весник бр. 53/2005 член 60 и 61). Методологијата може да се најде на следниов линк: http://www.rec.org.mk/LEAP/LEAP.htm

Општините треба да обезбедат локален придонес од технички лица кои ќе учествуваат на тематските семинари, ќе ги собираат потребните податоци, ќе предлагаат цели, мерки и акции за развојниот документ, во рамките на 5 работни групи (теми: вода, воздух, отпад, природа и почва и искористување на земјиште).

РЕЦ ќе обезбеди стручни лица кои ќе ги насочуваат локалните работни групи низ заедничка работа и придонес во поглед на собирање на сите потребни и детални податоци.

Ова практично значи дека општините ќе го изработуваат ЛЕАП-от, а РЕЦ ќе ги насочува со техничко знаење, водство и правилен развој на документот.

За да биде успешен процесот, неопходно е да се обезбедат политичко прифаќање на стратешкиот документ, како и учество од сите локални институции кои располагаат со податоци и имаат определена улога во областа на животната средина (стопански сектор, здравствени и образовни институции, јавни претпријатија, граѓани).

Согласно целите на проектот за зајакнување на локалните капацитети, РЕЦ ќе организира четири тематски курсеви во различните фази на изработка на процесот. Шест претставници од корисничките општини задолжително мора да учествуваат на овие курсеви (профилите на учесници се менува на различните курсеви во зависност од темата).

## КОЈ ИМА ПРАВО ДА АПЛИЦИРА

Единиците на локалната самоуправа во Република Македонија кои планираат да работат на изработка на ЛЕАП во своите општини имаат право да аплицираат.

За да може да се аплицира за развивање на ЛЕАП треба да се задоволат следните минимални услови:

- Подносител мора да биде единица на Локална Самоуправа (претставувана од Градоначалник) со усвоена иницијатива за развивање на ЛЕАП од страна на Советот на општината;
- Подносителот мора да има потпишано Изјава за соработка со минимум една Невладина организација (НВО), која работи на темите од областа на животната средина во нивната општина; Покрај НВО, подносителот може да потпише изјава за соработка и со други организации и институции во општината;
- Подносителот, заедно со партнерските организации, мора да обезбеди учество во процесот на изработка на ЛЕАП од минимум 50% од сумата која е побарана од РЕЦ.
- Подносителот треба да покаже спремност дека по завршување на процесот на изработка на ЛЕАП, ќе учествува во програмата за спроведување на одредени активности од ЛЕАП документот. Во рамките на програмата за спроведување на одредени активности од ЛЕАП, обезбедени се до 50,000 ЕУР (за поголемите општини) и до 45,000 ЕУР (за помалите општини). За истата, подносителот ќе мора да обезбеди сопствено учество од минимум 50% од сумата која ќе ја побара од РЕЦ.

Процесот на изработка на ЛЕАП ќе трае 12 месеци и не смее да трае подолго од мај 2009 година.

***Забелешка:***

***ПОМАЛИ*** општини се оние кои имаат бројност на жители **ДО 15,000** во рамките на нивната територија.

***ПОГОЛЕМИ*** општини се оние кои имаат бројност на жители **НАД 15,000** во рамките на нивната територија.

### *Ограничувања*

- Со средствата што ќе ги додели РЕЦ **не смее да се финансира** купување на земјиште, станбен или деловен простор, ниту возила.
- Проектот не смее да трае подолго од 12 месеци, а неговата реализација мора да започне во рок од 1 месец од донесувањето на одлуката за доделување на грантот (април 2008 год.).

## ПРОЦЕС НА ПРИЈАВУВАЊЕ

Пријавувањето е врз основа на отворен и натпреварувачки процес. Во текот на целиот период на аплицирање, РЕЦ ќе обезбеди техничка поддршка за подготвување на пријавите за сите заинтересирани општини. Чекорите за пријавување се опишани подолу:

### Чекор 1 - Идентификување и вклучување на клучните страни што имаат интерес во соодветната област-избирање партнери

***(Краен рок: јануари 2008 год.)***

По објавувањето на повикот за пријавување, подносителот треба да ги идентификува клучните субјекти (партнерска НВО, бизнис секторот, образовните и здравствените институции, други НВОи) кои се заинтересирани да се вклучат во процесот на изработка на ЛЕАП. Подносителот мора да има потпишано **Изјава за соработка** со минимум една Невладина организација (НВО), која работи на темите од областа на животната средина во нивната општина; Покрај НВО, подносителот може да потпише изјава за соработка и со други организации и институции во општината.

Во формуларот за пријавата е приложен формат за изјава за соработка меѓу клучните субјекти (партнерите).

### Чекор 2 - Усвојување на иницијатива за изработка на ЛЕАП во општината и учество во компонентата за спроведување

***(Краен рок: февруари 2008 год.)***

Подносителот (Градоначалникот на Единицата на Локалната Самоуправа) мора да поднесе иницијатива за изработка на ЛЕАП до Советот на општината. При усвојувањето на иницијативата за изработка на ЛЕАП од страна на Советот на општината, писмената одлука треба да ги содржи следните елементи:

1) Се усвојува иницијатива за изработка на ЛЕАП
2) Се потврдува финансиско учество на општината во процесот на изработка на ЛЕАП и определениот износ, во текот на 2008 и 2009 год.
3) Се потврдува дека постои консензус / одлука за програмирање на локалниот буџет во периодот од 2009 - 2010 година на начин што ќе осигури кофинансирање во инвестиционата компонента (Компонента 3) од минимум 50%.

Иницијативата за изработка на ЛЕАП треба да биде усвоена од страна на Советот на општината најдоцна до крајниот рок за поднесување на пријавите (29 февруари 2008 год.)

**Чекор 3 - Подготовка на пријавата**

***(Краен рок за доставување: 29 февруари, 2008 година)***

При изготвувањето на пријавите, подносителот мора да го почитува **Упатството за подготвување на пријавата** на РЕЦ, што може да се најде во канцеларијата на РЕЦ во Македонија или на нашата веб страна. Упатството треба внимателно да се следи, а посебно внимание треба да се обрне на критериумите за селекција.

Од подносителот се очекува да ги **вклучи** идентификуваните релевантни субјекти во сите чекори од изготвувањето на пријавата. На овој начин проектот ќе се заснова на учество на повеќе субјекти (партиципаторен пристап) и ќе овозможи создавање на широко партнерство, што и се бара во рамките на она што значи интегриран пристап за унапредување на животната средина.

Се очекува подносителот и клучните релевантни субјекти да се сретнат за да изготват и да постигнат договор околу пријавата. Потребно е да се дефинираат улогите и обврските на единицата на локалната самоуправа и на клучните релевантни субјекти и да се потпише изјавата за соработка. Неуспехот да се обезбеди вклучување и ангажман на клучните релевантни субјекти може да доведе до одбивање на пријавата.

**Пријавата мора да пристигне во канцеларијата на РЕЦ во Македонија најдоцна до 29 февруари, 2008 година**. Ќе бидат прифатени само оние пријави што се испратени во печатена копија со потпис и печат, до 16 часот. Пријави испратени по факс или e-mail нема да се прифаќаат.

**Чекор 4 - Проверка за исполнување на условите за учество во Програмата**

***(Краен рок: март 2008 год.)***

Персоналот на РЕЦ ќе ја процени комплетноста на сите пријави. Некомплетираните пријави ќе бидат дисквалификувани од натамошно разгледување на Локалниот Советодавен Одбор. Сепак, доколку се процени дека недостасуваат одредени информации во некои делови од пријавата, РЕЦ ќе побара во рок од 5 работни дена истите да бидат доставени. Доколку овие дополнителни информации не се достават во побараниот рок, пријавата ќе биде дисквалификувана од натамошно разгледување.

Сите пријавени општини ќе добијат писмено известување дека нивната пријава е пристигната, како и за натамошниот статус во процесот.

**Чекор 5 - Оценување на пријавата и селекција на Единиците на локалната самоуправа, добитници на грантови**

***(Краен рок: март 2008 год.)***

Пријавите ќе бидат оценувани и селектирани од страна на **Локален Советодавен Одбор (ЛСО)** на Канцеларијата на РЕЦ во Македонија.

Локалниот Советодавен Одбор на РЕЦ е одбор од 6 експерти од областа на животната средина во Македонија.

Составот на членовите на Локалниот Советодавен Одбор е балансиран во смисла на географска дистрибуција, експертиза, едукативна и професионална основа. Дополнително, во овој проект, во процесот на селекција, ќе учествува и претставник од Министерството за животна средина и Просторно Планирање како полноправен член на Локалниот Советодавен Одбор. Претседавач на ЛСО е Директорот на Канцеларијата на РЕЦ во Македонија. Исто така претставник од Sida, како набљудувач, ќе учествува во процесот на селектирање на шесте општини.

Членовите на Локалниот Советодавен Одбор ќе ги оценуваат апликациите за ЛЕАП според следните критериуми за оценување:

- Апликацијата е комплетна и подготвена според дадените упатства (0-1 бодови);
- Дали општината се пријавува за изработка на прв ЛЕАП (3-4 бодови) или пак за изработка на втор ЛЕАП (0-2 бодови); Доколку општината се пријавува за изработка на втор ЛЕАП, ќе се цени степенот и квалитетот на спроведување на акциите од првиот ЛЕАП;
- Претходното искуство на Локалната самоуправа во спроведување на слични проекти и ефикасноста на резултатите; искуство на општината во процесите на соработка со различни општествени чинители (0-4 бодови);
- Поддршка од страна на други општествени чинители за развивање на ЛЕАП во општината; Јасно дефинирани задачи и улоги помеѓу партнерите и локалната власт / начинот на кој тие ќе учествуваат и ќе соработуваат (0-7 бодови);
- Буџетот е во рамките на поставените граници, предвидува ефикаснот на трошоците и степенот на исполнување на условот за ко-финансирање (0-5 бодови).

> ***Забелешка:*** Доколку било кој од наведените критериуми за оценување на пријавите се бодира со 0, се претпоставува дека недостасуваат основни предуслови, капацитети, ресурси и/или соработка за успешно спроведување на процесот на развивање на ЛЕАП од страна на општината.

### Чекор 6 - Средби со предложените општини за учество во програмата

***(Краен рок: март-април 2008 год.)***

Селектираните општини ќе бидат известени и посетени од страна на персоналот на РЕЦ.

Пред оваа средба, подносителот треба да формира Иницијативен Комитет за развивање на ЛЕАП во неговата општина, кој треба да брои 6 членови (двајца претставници на НВОи, двајца претставници на локалната самоуправа и двајца

претставници на локалниот бизнис сектор). Единиците на локалната самоуправа ќе ги поканат партнерите, претставниците на иницијативниот одбор, како и други релевантни општествени чинители, да присуствуват на оваа прелиминарна средба и притоа ќе бидат подетално запознаени со процесот на изработка на ЛЕАП. Општините треба да го потврдат уште еднаш своето прифаќање на грантот и исполнувањето на нивните обврски и финансиско учество. Ќе биде презентиран Договорот за финансиска поддршка во кој ќе бидат наведени и условите во однос на известувањето и распоредот на исплаќање на средствата. Договорот ќе биде потпишан за време на првиот практичен курс во април 2008 година.

За време на првиот практичен курс, преставниците од општините ќе добијат кратка обука за управување со проекти согласно условите за доделување грантови на РЕЦ; ќе се запознаат со одговорното лице за грантови и финансискиот помошник од канцеларијата на РЕЦ, кои тесно ќе соработуваат со нив за целото времетраење на проектот.

Во посебен церемонијален дел ќе бидат потпишани Договорите за финансиска поддршка со Градоначалниците. Исплатата на првата рата од помошта ќе биде иницирана веднаш по потпишувањето на договорот.

## ФОРМУЛАР ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ И УПАТСТВО

За добивање повеќе информации за оваа програма за доделување грантови, заинтересираните можат:

- Да ја посетат Интернет страницата на македонската канцеларија на РЕЦ: http://www.rec.org.mk
- Да ја контактираат Валентина Петрушевска во Канцеларијата на РЕЦ во Македонија

  e-mail: valentina@rec.org.mk

  Тел: 02/ 3088-197 или 3090-135; 3090-136

  Факс: 02/ 3088-193
- Оригиналната целосно пополнета пријава треба да пристигне по пошта или лично да се донесе во канцеларијата на РЕЦ во Македонија на адреса:

  ул. Илинденска бр.118, 1000 Скопје

  **до 29 февруари 2008 година, до 16 часот.**
- Пријави испратени по факс или e-mail нема да се прифаќаат.